Архивски знак ___
Рок на чување: ___ 20__ година
Потпис

**ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**

ул. „Каменичка“ бр.2 – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk

Бр. 09-1764/1
06.09.2023

Врз основа на Програмите за работа на Советот на Општина Македонска Каменица и Правилник за доделување на еднократна парична помош на семејства со дете кое за прв пат е запишано во прво одделение во ООУ,,Св.Кирил и Методиј,, Македонска Каменица бр.08-1738/1 од 21.09.2022 година, Градоначалникот на Општина Македонска Каменица го објавува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

1.Општина Македонска Каменица застапувана од Градоначалникот Димчо Атанасовски, согласно Програмите за работа на Советот на Општина Македонска Каменица за 2023 година и согласно Правилник за доделување на еднократна парична помош на семејства со дете кое за прв пат е запишано во прво одделение во ООУ,,Св.Кирил и Методиј,, Македонска Каменица бр.08-1738/1 од 21.09.2022 година, упатува Јавен повик до сите семејста кои имаат деца кои за прв пат се запишани во прво одделение.

Јавниот повик се однесува за семејствата чие живеалиште е на територијата на Општина Македонска Каменица.

2.Родителите/старателите, кои ќе се пријават на јавниот повик кон барањето треба да достават:

- Потврда во оригинал за запишан ученик во прв одделение издадена и заверена од Основното Општинско Училиште „Св.Кирил и Методиј“ Македонска Каменица;
- Фотокопија од извод од матична книга на родените (за детето-првачe);
- Фотокопија од важечка лична карта или патна исправа за еден од родителите/старателите или уверение за жителство не постаро од 6 месеци и
- Фотокопија од активна трансакциска сметка за истиот родител/старател од кој е приложена копија од лична карта или патна исправа *

Пријавата и потребната документација се доставува до архивата на Општина Македонска Каменица непосредно, по пошта или во електронска форма.

Пријавата се доставува во два примероци кои треба да бидат потпишани од родителот/старателот.

Во електронска форма пријавите и документацијата се праќаат на официјалната електронска адреса на Општина Македонска Каменица opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk
со назнака ,,за јавен повик за доделување на еднократна парична помош на семејства со дете кое за прв пат е запишано во прво одделение во ООУ,,Св.Кирил и Методиј,, Македонска Каменица

Рокот за пријавување е до 30 Ноември 2023 година.

**Општина Македонска Каменица**
**Градоначалник,**
**Димчо Атанасовски**

Изготвил: Анета Темчева